**20180210352**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 156/10, 59/12, 187/13 и 41/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.1.2018 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија за 2018 година.

Потребните средства за реализација на Програмата се предвидени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година и изнесуваат 162.374.000,00 денари од кои 119.660.000,00 на сметка 637, 40.500.000,00 денари на сметка 631 и 2.214.000,00 денари на сметка 787 и истите се планирани во буџетот на раздел 10003 - Агенција за промоција и поддршка на туризмот категорија 42 - стоки и услуги, 46 - субвенции и трансфери и 48 - капитални расходи.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 на оваа програма се наменуваат за промотивни активности и активности на поддршка на туризмот и тоа:

а) За промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка се наменуваат вкупно 28.390.000,00 денари и тоа за:

1. Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми во Утрехт, Истанбул, Брисел, Софија, Белград, Берлин, Лондон, Загреб, Измир, Варшава, Хелсинки, Тирана, Тел Авив, Скопје и други, како и учество и организација на маѓународни, регионални, и локални инвестициски и други семинари, конференции и форуми од областа на туризмот во Скопје и други градови, согласно потребите и барањата од туристичкото стопанство и Владата на Република Македонија се наменуваат 13.000.000,00 денари

2. Организирање на презентации и средби со странски туроператори и денови на македонски туризам во странство, организирање на информативни патувања во Република Македонија за странски туроператори и новинари (активности кои тековно произлегуваат од остварени средби и деловни контакти, барања на промоторите и амбасадите на Република Македонија), како и организација на презентации и настани во Македонија се наменуваат 1.500.000,00 денари.

3. Организирање на промотивни кампањи кои ќе се водат во Србија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Албанија, Косово, Полска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Австрија, Германија, Франција, Турција, Македонија и други. Промотивните кампањи ќе содржат:

- Аутдор кампањи (билборди, подвижни и неподвижни реклами),
- Реклами во печатени медиуми,
- Електронска промоција,
- Промовирање преку блогери и
- Промовирање преку влогери се наменуваат 3.000.000,00 денари.

4. Продукција, дизајн, изработка, печатење и дистрибуција на нови промотивни содржини како и набавка на ситен промотивен материјал и тоа:

- набавка на патна мапа во електронска форма,

- продукција на видео материјал,
- креирање на фотоархива,
- дизајн на штандовите на саемите на кои настапува Република Македонија како туристичка дестинација под организација на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам,

Дизајн и печатење на промотивен материјал (брошури, водичи, флаери, мапи, бизнис картички и слично) и

Ситен промотивен материјал (пенкала, чаши, USB, охридски бисер, филигран, мали промотивни пакувања со ајвар, мед и слатко и друго) се наменуваат 9.000.000,00 денари.

5. Редизајнирање на веќе постоечките веб - страници на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија, нивно мапирање, имплементирање на банери, фотографии, информации, нивно хостирање и техничка поддршка за нивно непречено функционирање се наменуваат 590.000,00 денари.

6. Проект „Е75“ - Изработка и печатење на промотивен леток за туристичките потенцијали на Република Македонија кои се наоѓаат долж автопатот Е75 како и негова дистрибуција на граничните премини Табановце и Богородица во летната сезона со една единствена цел, конвентирање на транзитните патници во туристи се наменуваат 1.300.000,00 денари

б) За активности за поддршка на туризмот се наменуваат вкупно 8.770.000,00 денари и тоа за:

1. Проект „Планински пешачки патеки” - уредување, означување и обележување нови планински пешачки патеки како и промоција на истите со цел збогатување на туристичката понуда на Република Македонија и развој на активниот туризам и руралните средини;

2.Проект „Патеки за планинско трчање“ - уредување, означување и обележување нови патеки за планинско трчање како и промоција на истите со цел збогатување на туристичката понуда на Република Македонија и развој на активниот туризам и руралните средини;

3. Проект „Развој на спортското качување и негово ставање во функција на туризмот“ – развој на рекреативен спортски туризам, преку уредување на нови и санација на постоечки тренинг локации за качување на карпа;

4. Проект „Развој на алпинизам и негово ставање во функција на туризмот“ – уредување на локации за алпинистичко качување со цел зголемување на безбедноста и атрактивноста на локациите и привлекување на поголем број на туристи од еден од најбрзо растечките пазари;

5. Платформа „Независен патувач“ – мапирање на туристичките потенцијали на територијата на Република Македонија и создавање на платформа наменета за туристи кои не користат услуги од туристички агенции и сами го организираат сопственото патување. Со платформата ќе се овозможи развој на малите и фамилијарни бизниси на територијата на Република Македонија, нивна промоција и зајакнување на локалните економии;

6. Уредување на полетиште за параглајдинг во Крушево – поставување на вештачка трева на полетиштето заради зголемување на безбедноста на параглајдеристите и исполнување на стандарди за одржување на меѓународни натпревари со цел промоција на Република Македонија како дестинација за параглајдинг;

7. Формирање на авто кампови и нивна промоција - зголемување на туристичката понуда, развој на автокамперскиот туризам, нивна промоција и привлекување на странски и домашен капитал за формирање на автокампови;

8. Формирање, развој, оградување и означување на туристички развојни зони;

9. Остварување на меѓународна соработка со разните меѓународни организации за туризам, зачленување во истите, како и вклучување во заеднички проекти за промоција и развој на туризмот;

10. Јакнење и развој на туристичката понуда на Република Македонија - организирање на информативни работилници и обуки наменети за работниците во туристичката индустрија, во функција на создавање на нови туристички производи и нивна промоција како и подобрување на сервисните услуги со вклучување на домашни и странски реномирани експерти и туроператори;

11. Финансиска поддршка на препознатливи културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации на локално организирани туристички настани избрани преку објавување на јавен повик, а со цел зголемување и потикнување на туристичката понуда на Република Македонија;

12. Аплицирање на европски фондови, фондови од донаторски организации и друго.

в) Финансиски средства кои се наменуваат за функционирање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија (кирии, комунални услуги, поправка и одржување, канцелариски материјали, опрема и машини, обуки, правни и сметководствени услуги и др.) се наменуваат 6.500.000,00 денари.

Член 3

За субвенционирање на странскиот организиран туристички промет се наменети вкупно 76.000.000,00 денари, а остатокот на средствата во висина од 40.500.000,00 денари се обезбедуваат од игри на среќа.

Член 4

Средствата во висина од 2.214.000,00 денари од сметка 787 се наменуваат за организирање на презентации и средби со странски туроператори и денови на македонски туризам во странство како и за организација на презентации и настани во Македонија.

Член 5

За начинот и динамиката за реализирањето на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот на Република Македонија.

Член 6

Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот на Република Македонија за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Македонија како и постигнатите резултати со образложение за евентуални одстапувања од планираните активности заклучно со 31 јуни 2019 година.

Член 7

Оваа програма влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-97/1
30 јануари 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.